## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ (СКРИПТА) „СОЛФЕЖ II СО МЕТОДИКА“ ОД АВТОРИТЕ ВОН.ПРОФ. Д-Р ИЛЧО ЈОВАНОВ И АСС. М-Р ЛЕНЧЕ НАСЕВ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1402-127/42 од 13. редовна седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– вон. проф. м-р Гоце Гавриловски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,
– вон. проф. м-р Марјан Јанкоски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис за скрипта „СОЛФЕЖ II СО МЕТОДИКА“ од авторите вон.проф. Илчо Јованов и асс. м-р Ленче Насев наменет за студентите од прв циклус студии на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Музичката академија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за скриптата со наслов „Солфеж II со методика“ од авторите вон.проф. Илчо Јованов и асс. м-р Ленче Насев е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметите: Солфеж 2, со фонд на часови 2+2+1, број на кредити 6 и Методика на музичка настава 1, со фонд на часови 3+2+2 број на кредити 8 кои се изучуваат на одделот Теорија на музиката и музичка педагогија на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на прв циклус додипломски студии.

Ракописот како наставен материјал е подготвен во согласност со студиската програма и барањата кои се поставуваат пред студентите и се однесува на подготовката на теоретскиот и практичниот дел. Истовремено, одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите на Музичката академија. Квалитетот, прегледноста и естетиката, како и голем број на нотни примери, даваат можност за успешно следење и подготвување на студентите.

Приложениот ракопис се состои генерално од два дела: теоретски и практичен. Во првиот дел опфатени и детално објаснети се три методски проблематики поврзани со елементите на работа во наставата по солфеж: развивање на вокално-интонациските навики, мелодика и ритам, преку кои се поттикнува мислењето на студентите и ги оспособува како идни педагози за предавање на предметот Солфеж. Вториот дел целосно е посветен на инструктивните мелодиски и ритмички вежби. Тој содржи три дела во кои се опфатени: интервалски, мелодиски и ритмички вежби. За интонирање и поставување на звучната материја од исклучителна важност е познавањето и усвојувањето на интервалите. Првиот дел содржи вежби преку кои се обработуваат итервалите: големи и мали секунди и терци; чисти кварти, квинти и октави; големи и мали сексти и септими. Усвојувањето на метро-ритмичките и интервалските задачи е со цел поставување на основните хармонско-функционални односи, неопходни за пристапување на мелодиските вежби. Во вториот дел направен е избор на мелодиски вежби во тоналитетите: C, a, F, d, B, g, Es, c, As, f. Изборот на мелодиските вежби е од светската литература и ги опфаќа елементите потребни за другите предмети од наставната програма: Хармонија (тоналитет, алтерација, модулација, мутација), Полифонија (тригласни канони), Хор. Третиот дел ги опфаќа вежбите преку

кои се утврдуваат мерните единици: цела, половина со точка, половина, четвртина со точка, четвртина, осмина, шеснаестина, триоли, квартоли, квинтоли, различни видови на нерамноделни тактови и нивни комбинации според нивото и критериумот на предметната материја.

**З А К Л У Ч О К**

Предложениот ракопис „СОЛФЕЖ II СО МЕТОДИКА“ од авторите вон.проф. Илчо Јованов и асс. м-р Ленче Насев соодветствува на содржините на студиските програми на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Тој претставува одлична основа за подготовка на студентите на Музичката академија за одговор на методските, теоретските и практичните барања и ќе биде од голема корист за совладување на наставните содржини од наведените предмети.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип скриптата „СОЛФЕЖ II СО МЕТОДИКА“ од **авторите вон.проф. Илчо Јованов и асс. м-р Ленче Насев да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. м-р Гоце Гавриловски, с.р.**
**Проф. м-р Марјан Јанкоски, с.р.**